СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО

НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# Тематска анализа/дијагностика: **Јавни институции**

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Стратегиските цели на развојот на јавните институции се тесно поврзани со поблиските стратегиски цели на одделните дејности, опфатени со анализите што се основа за одредување на општите стратегиски цели и нивните приоритети, имајќи го предвид фактот дека тие не постојат сами за себе, туку имаат функција на политички, економски и правно етаблирани механизми за хармонично функционирање на општествениот и државниот поредок. Нивното одредување, кое натаму е предмет на оваа тематска анализа, е детерминирано најпрвин со потребата од надминување на основните слабости на постојниот систем на јавни институции и нивното функционирање.

Покрај тоа, поаѓајќи од тоа дека Република Северна Македонија стои пред значајната, историска пресвртница во нејзиниот развој, по донесувањето на одлуката на Европскиот совет од 26 март 2020 година да започне пристапни преговори со ЕУ, како и по одобрувањето на Преговарачката рамка за преговорите од страна на Советот на 18 јули 2022 година, процесот на нејзина евроинтеграција како главна цел на НРС во овој период мора да се фокусира на поподробно разработени функционални анализи на одделните јавни институции и посебни стратегии заради задоволување на Копенхашките политички критериуми на Европската Унија (во натамошниот текст: ЕУ) за градење инклузивни, независни, функционални, ефективни и одговорни јавни институции.

Достигнатиот степен на развој на Републиката од прогласувањето на нејзината независност во 1991 година е оценет од политички и правно-институционален аспект како состојба на „заробена држава или „хибриден режим“, поради недоследното остварување на начелото на поделба и заемна контрола на трите вида власт, силна партизација не само на јавните институции туку во сите автономни сфери на општествени односи, од економијата до образованието, и излегување на извршната власт од нејзините уставни и законски рамки.

Квалификативот на Република Северна Македонија како „заробена држава“, добиен во 2015 година (извештајот на ЕК, *R.Priebe*), останува до денес во анализите и службените документи на компетентни странски аналитички центри и официјални тела на ЕУ. Според познатиот V-Dem Institute (департман на Универзитетот за општествени науки во Готенбург, Шведска), Републиката спаѓа во 49 држави во кои се констатираат опасности од назадување на демократијата поради концентрацијата на апсолутната власт во владата. Според минатогодишниот извештај на *Freedom House* насловен како „Нации во транзиција“, таа е категоризирана како „хибриден режим“ заедно со девет други држави од регионот. Хибридната структура на таквите држави ја сочинува правен систем што е мешавина од уставно прокламирани политички, економски и правни начела, формални институции и развиена бирократија, од една страна, и, од друга страна, практики на дејствување на владејачката партиска структура во политичкото одлучување од свои приватни интереси и интересите на своите водства, вршејќи притисок врз јавните институции.

Како дел од НРС, стратегискиот пристап кон развојот на јавните институции треба да се развива врз основи на Глобалните цели на одржлив развој (Sustainable Development Goals SDGs, ЦОР) на ООН, усвоени во јануари 2016 година, во согласност со Цел 16 (Мир, правда и силни институции), добро владеење, посебно таргет 16.3 што го нагласува унапредувањето на владеењето на правото и таргет 16.6. - градење ефективни, одговорни и транспарентни институции.

Предмет на оваа анализа е елаборацијата на клучните индикатори за мрежата, статусот, надлежностите, организацијата, интероперабилноста, дигитализацијата и другите аспекти на јавните институции, со дефинирање на главните извори на податоци за нивно утврдување и недостатоците на базите на релевантните показатели. Поаѓајќи од фактот дека базите на податоци на клучните јавни институции, посебно во извршната власт и во судството, имаат недоволен опфат, во анализата се вклучени и податоци собрани од меѓународни институции и тела. Таа го опфаќа и стратегискиот аспект на меѓутематските прашања на: социјална инклузија, добро владеење, управување со ризици од катастрофи и отпорност, дигитализација и иновации, родова перспектива и човекови права, посматрани преку основните индикатори што ги засегаат јавните институции.

Врз таков пристап, на крајот од оваа анализа се изведени соодветни заклучоци и препораки што, поврзувајќи ги стратегиите и програмите за реформа на јавните институции, треба да придонесат за постигнување нужна синергија на општите цели, приоритети, динамика и инструменти за остварување на НРС.